**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-870/6**
**Скопје, 27.12.2005 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии за 2004 година, сметката - приходи наплатени од органи кои се прикажани на страниците од 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерство за финансии за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Никола Поповски – министер на Министерството за финансии на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 15.09 до 28.10.05 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор,
   - Доста Скендерова, овластен државен ревизор,
   - Билјана Ивановска, виш ревизор,
   - Соња Камбовска, ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи на Министерството за финансии - приходи наплатени од органи за 2004 година, реално и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

12. Преземени се мерки од страна на субјектот согласно препораките и мерките за наодот во ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2003 година.

**Скопје, 28/12/2005 година** **Овластен државен ревизор**

**Бранислав Гулев**



***ул: "Маршал Тито" - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311

***Овластен Државен ревизор***
-----------------------------

## Министерство за финансии-приходи наплатени од органи
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1 | 10,294 | 23,392 |
| Трансфери и донации | 3.2 | 741 | 5 |
| **Вкупно приходи** | | **11,035** | **23,681** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и други услуги | 3.3.1 | 3,846 | 22,728 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,846** | **22,728** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.4.1 | 8 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **3,854** | **22,728** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **7,181** | **953** |

Образложенијата дадени од страна 6 до 12 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311

***Овластен Државен ревизор***
-----------------------------

## Министерство за финансии-приходи наплатени од органи
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 7,181 | 953 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2 | 144 | 144 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 61 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7,386** | **1,097** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 48 | 2,972 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 88,648 | 99,933 |
| **Вкупно постојани средства** | | **88,696** | **102,905** |
| **Вкупна актива** | | **96,082** | **104,002** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 61 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2 | 7,325 | 1,097 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7,386** | **1,097** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 88,696 | 102,905 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **88,696** | **102,905** |
| **Вкупна пасива** | | **96,082** | **104,002** |

Образложенијата дадени од страна 6 до 12 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
------------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

000 ден

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **102,905** | **102,905** |
| **Зголемување по основ на:** | **37** | **37** |
| Набавки | 37 | **37** |
| **Намалување по основ на:** | **(14,246)** | **(14,246)** |
| Отпис по попис | (29) | **(29)** |
| Отпис по делбен биланс | (2,363) | **(2,363)** |
| Амортизација | (11,854) | **(11,854)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **88,696** | **88,696** |

Образложенијата дадени од страна 6 до 12 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

------------------------------